# Со нов дрес до нови победи

На ден 03.01.2019 годнина (четврток) во продавницата на „Д-спортска опрема“ Ракометната Федерација на Македонија ќе го промовира новиот дрес за Мундијалот.
"Со нов дрес до нови победи " е мотото со кое РФМ во четврток официјално ќе го промовира новиот дрес на ракометната репрезентација. Дрес со кој нашите најдобри ракометари ќе настапат на престојниот мундијал кој ќе се одржи во јануари 2019 година во Германија и Данска.
На настанот ќе се обратат преставници на Ракометната Федерација на Македонија, селекторот г-дин Раул Гонзслез и капитенот на нациналниот тим, г-дин Кирил Лазаров. Присутни ќе бидат и репрезентативците кои на дресовите што ќе се продаваат по промотивни цени ќе ги стават своите автограми.
Настанот ќе се случува во продавницата на „Д-спортска опрема“, кој е официјален партнер на македонската репрезентација, во склоп на спортската арена "Филип Втори" со почеток во 14.00 часот.

**Дата:** 03.01.2019

**Локација:** Д спортка опрема – Арена “Филип Втори“

Ул. „1732“ бр. 2 Скопје 1000 Македонија

Однапред благодариме на Вашето присуство.

Спортски поздрав.